РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број / Numër 03-3662/1
25.08.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**


До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Предмет: Втор седумдневен извештај на Агенцијата

Почитувани,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува вториот седумдневен извештај за Локалните избори 2025 година, во согласност со обврската од член 76-в став 2 од Изборниот законик и Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година. Овој извештај се однесува на периодот од 18 до 24 август 2025 година.

Во оваа седмица, Агенцијата одговори на два дописи од институции во врска со информирањето за нивни редовни активности преку програмите на Јавниот радиодифузен сервис.

Јавното претпријатие за државни патишта требаше да информира за одржување јавна расправа за содржината на Студијата за оцена на влијанија врз животна средина за автопат А4, Скопје – Блаце (дел од тригодишен проект), а Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини - за јавните огласи за мерки за финансиска поддршка на лицата кои спаѓаат во категоријата ранливи потрошувачи на енергија.

На двете институции им беше одговорено дека медиумите независно одлучуваат за својата уредувачка политика и за објавувањето информации и, истовремено, беа потсетени дека, од распишувањето на Изборите, во сила се забраните за емитување реклами финансирани од буџетски средства од членовите 75-д став (4) и 84-а од Изборниот законик

Мониторингот, во периодот на предизборието, го реализираат вработените во Стручната служба на Агенцијата, а ангажиран е еден надворешен соработник за анализа на медиуми на албански јазик.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ